| T73 | 544617,838 | 655751,574 |
| T74 | 544610,069 | 655754,849 |
| T75 | 544600,295 | 655752,603 |
| T76 | 544565,473 | 655756,391 |
| T77 | 544521,349 | 655767,275 |
| T78 | 544519,781 | 655751,431 |
| T79 | 544516,143 | 655733,83 |
| T80 | 544509,787 | 655708,97 |
| T81 | 544503,795 | 655705,727 |
| T82 | 544487,269 | 655709,366 |
| T83 | 544469,003 | 655715,727 |
| T84 | 544450,053 | 655728,815 |
| T85 | 544429,793 | 655739,707 |
| T86 | 544423,094 | 655746,73 |
| T87 | 544416,482 | 655751,439 |
| T88 | 544412,526 | 655761,703 |
| T89 | 544407,869 | 655766,151 |
| T90 | 544399,27 | 655767,078 |
| T91 | 544376,969 | 655761,765 |
| T92 | 544349,2226 | 655746,8489 |

| | | |
|---|---|---|
| Т93 | 544339,401 | 655751,823 |
| Т94 | 544324,962 | 655757,194 |
| Т95 | 544300,339 | 655774,415 |
| Т96 | 544313,363 | 655802,924 |
| Т97 | 544281,572 | 655828,562 |
| Т98 | 544273,104 | 655847,552 |
| Т99 | 544269,827 | 655856,727 |
| Т100 | 544280,858 | 655866,993 |
| Т101 | 544295,958 | 655878,776 |
| Т102 | 544311,723 | 655890,277 |
| Т103 | 544327,533 | 655907,276 |
| Т104 | 544326,107 | 655928,066 |
| Т105 | 544330,366 | 655945,298 |
| Т106 | 544331,551 | 655950,092 |
| Т107 | 544326,727 | 655966,291 |
| Т108 | 544260,881 | 655988,861 |
| Т109 | 544274,01 | 656018,988 |
| Т110 | 544290,969 | 656055,131 |
| Т111 | 544292,745 | 656057,897 |
| Т112 | 544297,72 | 656061,632 |
| Т113 | 544279,177 | 656065,738 |
| Т114 | 544267,95 | 656066,654 |
| Т115 | 544253,47 | 656068,586 |
| Т116 | 544225,681 | 656072,573 |
| Т117 | 544202,867 | 656074,907 |
| Т118 | 544189,485 | 656073,386 |
| Т119 | 544183,72 | 656070,28 |
| Т120 | 544176,228 | 656096,597 |
| Т121 | 544177,438 | 656122,91 |
| Т122 | 544172,658 | 656143,694 |
| Т123 | 544157,12 | 656143,77 |
| Т124 | 544143,518 | 656141,491 |
| Т125 | 544150,649 | 656207,184 |
| Т126 | 544144,468 | 656207,225 |
| Т127 | 544140,462 | 656206,72 |
| Т128 | 544105,7124 | 656267,1395 |
| Т129 | 544136,3233 | 656286,717 |
| Т130 | 544154,3176 | 656281,0575 |
| Т131 | 544182,939 | 656258,785 |
| Т132 | 544190,536 | 656258,036 |
| Т133 | 544194,188 | 656270,992 |
| Т134 | 544196,732 | 656294,086 |
| Т135 | 544206,798 | 656298,388 |
| Т136 | 544217,422 | 656293,737 |
| Т137 | 544229,889 | 656277,958 |
| Т138 | 544253,461 | 656271,646 |
| Т139 | 544261,552 | 656266,924 |
| Т140 | 544284,443 | 656245,059 |
| Т141 | 544295,794 | 656227,093 |
| Т142 | 544288,752 | 656211,982 |
| Т143 | 544270,791 | 656187,824 |
| Т144 | 544284,973 | 656172,052 |

- Координати на прекршните точки за локацијата предвидена за намена Д4 - меморијални простори (гробишта):

| | | |
|---|---|---|
| Т145 | 543726,384 | 655630,994 |
| Т146 | 543715,463 | 655549,36 |
| Т147 | 543695,178 | 655536,116 |
| Т148 | 543704,219 | 655524,371 |
| Т149 | 543721,985 | 655549,406 |
| Т150 | 543741,868 | 655565,589 |
| Т151 | 543776,737 | 655585,524 |
| Т152 | 543825,106 | 655613,59 |
| Т153 | 543798,094 | 655637,573 |
| Т154 | 543783,445 | 655649,803 |
| Т155 | 543778,187 | 655658,133 |

Границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од Т1 до Т155, а за секоја точка табеларно се дадени параметрите по x и y координати.

**Член 7**

Со Општиот акт се утврдуваат групите на класи на намени во рамките на планскиот опфат со име за секоја наменска зона поодделно согласно член 30 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.63/12, 126/12, 19/13, 95/13 и 37/14).

Во рамки на планскиот опфат на село Страчинци се утврдени повеќе групи на класи на намени:

**А - Домување**, односно класите на намени:

А0 - домување во станбени куќи со посебен режим;

А1 - домување во станбени куќи со посебен режим и домување во станбени куќи во селско - стопански двор;

А3 - групно домување

**В - Јавни институции**, односно класите на намени:

В1 – образование и наука (основно училиште)

В5 - верски институции.

**Д - Зеленило и рекреација**, односно класите на намени:

Д4 - меморијални простори.

**Е - Инфраструктура**, односно класите на намени:

Е1 - комунална инфраструктура
(сообраќајни површини);

**Член 8**

Со одлуката за Општ акт за село Страчинци се дефинирани сите постојни влезни и излезни правци во селото и неговата сообраќајна поврзаност со поширокото опкружување.

Со одлуката за Општ акт за село Страчинци се дефинира пристапот до градбите и начинот на решавање на стационарниот сообраќај, кој треба да е во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.63/12, 126/12, 19/13, 95/13 и 37/14).

Доколку не е обезбеден колски пристап до градежната парцелата, а поради специфичноста на теренот на с.Страчинци, инвеститорот е должен сам да си обезбеди колски или пешачки пристап.

**Член 9**

Утврдувањето на условите за градба на објектите во рамките на утврдените наменски зони во графичкиот приказ се врши според конкретните услови на лице место, одредбите на оваа одлука, законот за просторно и урбанистичко планирање и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот закон.

**Член 10**

Формирањето на градежната парцела, површината за градба, висината на објектите, процентот на изграденост и коефициентот на искористеност да се во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

При формирањето на градежните парцели потребно е да се почитуваат имотно-правните односи, односно една или повеќе катастарски парцели да претставуваат градежна парцела.

Површината за градење може да се протега во рамки на една или повеќе катастарски парцели, при што минимално растојание од површината за градење до границата на парцелата кон постоечката сообраќајница не треба да е помало од три (3) метри, согласно член 84-а од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.37/14).

**Член 11**

Со одлуката за Општ акт за село Страчинци се дефинира просторна организација и условите за градење во селско-стопански двор.

Во рамките на градежните парцели со класа на намена А1 (домување во станбени куќи - селско-стопански дворови) освен објектот за домување, можат да се предвидат и помошни градби во функција на селско-стопанскиот двор (штали, складишта, гаражи и сл.).

**Член 12**

Со одлуката за Општ акт за село Страчинци се дефинира начинот на реализација на инфраструктурните водови и градби.

Постојната инфраструктурна мрежа (водовод, канализација и електрика) да овозможува да се приклучи на мрежата секој објект со основна група на класи на намена А - домување и В - јавни институции.

Проектот за инфраструктура се изработува согласно член 51-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14).

**Член 13**

Општиот акт за село содржи табели со Билансни показатели во кои се прикажани планираните површини по намена на земјиштето - наменските зони.

**Член 14**

Сите параметри за уредување на просторот во планскиот опфат кои не се опфатени во приложените општи услови за изградба на просторот од овој Општ акт, мора да бидат во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.63/12, 126/12, 19/13, 95/13 и 37/14).

**Член 15**

Графичкиот прилог кој е составен дел на оваа одлука, по нејзиното донесување, се заверува со печат на Советот на Општина Гази Баба и потпис на Претседателот на Советот на Општина Гази Баба и во електронска форма се доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**Член 16**

Одредбите на оваа одлука се применуваат до донесување на Урбанистички план за село.

**Член 17**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3656/42**
**од 30.09.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 10, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

1. Се објавува Одлуката за поништување на Одлуката за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 10, Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3834/41**
**од 03.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1, член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и првата седница одржана на ден 30.09.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 10, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Се поништува Одлуката за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за градска четврт СИ 10, Општина Гази Баба - Скопје, бр.07-3147/21 од 25.08.2014 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.9/14), донесена на Дваесетата седница на Советот на Општина Гази Баба, одржан на 25.08.2014 година .

**Член 2**

Се задолжува секторот за урбанизам и градежно земјиште, при изготвување на Предлог - Одлуката за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за градска четврт СИ 10, Општина Гази Баба Скопје, да ги земе во предвид барањата од новите потенцијални инвеститори, усогласени со различните видови сопственост на парцелите кои ги опфаќа овој Нацрт - Детален урбанистички план за градска четврт СИ 10.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3656/43**
**од 30.09.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 10, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 10, Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3834/42**
**од 03.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1), член 24 став (1) и став (2) и член 26 став (4) од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и првата седница одржана на ден 30.09.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 10, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува Нацрт - Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 10, Општина Гази Баба - Скопје.

Одлуката за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 10, Општина Гази Баба - Скопје ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07 ,91/09 , 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник на РМ" бр.78/06 и 37/14) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13 и 37/14).

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Нацрт Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 10, Општина Гази Баба - Скопје, е со површина од 67,00 ха и е во рамките на следните граници:

- **Север** - осовина на транзитна магистрала Булевар "Александар Македонски"
- **Исток** - осовина на Автопат А4 (клучка Хиподром - Петровец)
- **Југ** - осовина на собирна улица "Новопланирана собирна ул. 6" и
- **Запад** - осовина на градска магистрала "Пролетна Офанзива".

**Член 3**

Нацрт - Деталниот урбанистички план за Градска четврт СИ 10, Општина Гази Баба - Скопје, со Тех.бр.У07-09/14 од септември 2014 година изготвен од ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ - Битола, содржи:

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**Текстуален дел**: Документациона основа

Вовед

1. Географско одредување на подрачје на планскиот опфат со граници и површини
2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачје на планскиот опфат и неговата околина
3. Природни чинители
4. Создадени вредности и чинители
5. Инвентаризација на изграден градежен фонд и вкупна супраструктура
6. Инвентаризација на постоечки споменични целини и градби од културно - историско значење
7. Инвентаризација на бесправно изградени градби
8. Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура
9. Анализа на степен на реализација на урбанистички план

10. Анализа на можностите за просторен развој
11. Извод од ГУП на град Скопје , 2012 год.
12. Други податоци за планскиот опфат
13. нумерички дел

**Графички дел:**

| | |
|---|---|
| - Ажурирана геодетска подлога | 1/1000 |
| - Инвентаризација на бесправно изградени градби | 1/1000 |
| - Инвентаризација и снимка на изграден градежен | 1/1000 |
| - Фонд и комунална инфраструктура и супраструктура | 1/1000 |

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**Текстуален дел:**

Вовед
1. Вид на план и плански период
2. Географска местоположба на планскиот опфат
3.Текстуални одредби од Извод од ГУП на град Скопје, 2012 година
4. Планска програма
5. Опис и образложение на планскиот концепт
6. Плански концепт на комунална инфраструктура
7. Економско образложение
8. Мерки за заштита
9. Услови за изградба,развој и користење на земјиштето и градбите
10. Посебни услови за изградба развој и користење на земјиштето и градбите
11. Нумерички дел

**Графички дел:**

| | |
|---|---|
| 1. План за намена на земјиштето и градбите, регулационен план и план на површини за градби,план на зеленило | 1/1000 |
| 2. Сообраќаен и нивелациски план | 1/1000 |
| 3. Инфраструктурен план и хортикултурен план | 1/1000 |
| 4. Синтезен план | 1/1000 |

**Член 4**

Градоначалникот на Општина Гази Баба ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт-Деталниот урбанистички план за Градска четврт СИ 10, Општина Гази Баба - Скопје, со утврдување на времето и местото каде ќе биде изложен планот и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3656/44**
**од 30.09.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ТРУБАРЕВО - ПЛАНСКИ ОПФАТ ОД 139 ха, СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК - 8 - ПЛАНСКИ ОПФАТ ОД 5,82 ха ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Урбанистички план за село Трубарево - плански опфат од 139 ха, со разработка на Блок 8 - плански опфат од 5,82 ха, Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3834/43**
**од 03.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 24 став (6), (7) и (8) а во врска со член 26 став (4) од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и првата седница одржана на ден 30.09.2014 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ТРУБАРЕВО - ПЛАНСКИ ОПФАТ ОД 139 ха, СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК - 8 - ПЛАНСКИ ОПФАТ ОД 5,82 ха ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

### Член 1

Со оваа одлука се донесува Урбанистички план за село Трубарево – плански опфат од 139 ха , со разработка на Блок 8 - плански опфат од 5,82 ха Општина Гази Баба - Скопје.

Одлука за донесување на Урбанистички план за село Трубарево - плански опфат од 139 ха , со разработка на Блок 8 - плански опфат од 5,82 ха ,Општина Гази Баба - Скопје го почитува Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник на РМ" бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.63/12, 126/12, 19/13 и 95/13).

### Член 2

Со оваа одлука се опфаќа просторот со површина од 139 ха и е во рамките на следните граници:

Границата на планскиот опфат не е континуирана и поделена е на пет дела:

**Опфат 1** (блок 1-12) североисточно и југозападно од регионален пат Р1102:

Граница на КП103, ја пресекува КП103 иI КП104 кон исток до граница на КО Трубарево, продолжува кон југоисток по граница на КО Трубарево (северна граница на КП105,106,107,108,110,111,112) продолжува кон југ и ја пресекува КП112, продолжува кон северозапад и ја пресекува КП111,551 и 114, до граница на КП114, оди по граница на КП114, продолжува кон југозапад по граница на КП575, 137, оди кон југоисток по граница на КП135, ја пресекува КП141, оди по граница на КП134,138, ја пресекува КП141, оди по граница на КП139, ја пресекува КП141, 140,141, оди по граница на КП553,122,553, ја пресекува КП127,128, продолжува кон северозапад по граница на КП126, оди кон југозапад по граница на КП557, ја пресекува КП136, граница на КР557, продолжува кон југоисток по граница на КП564/1 (делница на регионален пат), ја пресекува КП434, оди кон североисток по граница на КП558, продолжува кон југоисток по граница на КП306, 309. Ја пресекува КП309, 328, оди кон југозапад по граница на КП328, 332,333,334,335, ја пресекува КП560, ги пресекува КП346,349,356,357,359,364,365,364,374,427,428,430,309,432,433, оди по граница на КП558 и го пресекува регионалниот пат, продолжува кон северозапад и ја пресекува КП472,435,436,437,438,439,440,441/4,442,443,465,466,574/1,463/6,461,215, продолжува кон југозапад и ја пресекува КП215, оди по граница на КП573, ја пресекува 573, оди по граница на КП535, ја пресекува КП563, граница на КП529, 520, ја пресекува КП521,528, граница на КР536,537,573, оди кон север ја пресекува КП222,221,219, по граница на КП216,217, ја пресекува КП218,221,223,224,193, 564/1(регионален пат), ја пресекува КП184,179,174,173, оди по граница на КП171/2,169,90,91,92,ја пресекува КП93, граница на КП98,101, до спој со почетна точка.

**Опфат 2** (блок 13) југозападно од регионален пат Р1102: граница на КП 192

**Опфат 3** (блок 14) југозападно од регионален пат Р1102:

североисток граница на КП41,43,44,46, југоисток граница на КП46,41,198, југозапад граница на КП198, ја пресекува КП197, северозапад ја пресекува КП197, граница на КП41, ја пресекува 39,42,41

**Опфат 4 (**блок 15) југозападно од регионален пат Р1102:

североисток граница на КП38,569 југоисток граница на КП569,ја пресекува КП201,граница на КП568, југозапад граница на КП568, 37, северозапад граница на КП 37,201,38.

**Опфат 5** (блок 16) североисточно од регионален пат:

североисток граница на КП186, југоисток граница на 186,187, југозапад граница на 186,187, северозапад граница на 186.

Опфатот на блок 8 е следниот:

Североисток - граница на КП564/1 (регионален пат Р1102), го пресекува регионалниот пат, оди по осовина на регионалниот пат, ја пресекува КП472, граница на КП 472/20, 472/18, 472/19, 472/1, 472/7, 435/6, 435/1, 436/13, 436/12, 437/7, 437/6, ги пресекува КП 438, 439, 440, 441/14 до почетна точка.

**Член 3**

Урбанистички план за село Трубарево - плански опфат од 139 ха, со разработка на Блок 8 - плански опфат од 5,82 ха Општина Гази Баба - Скопје, со Тех.бр.У03-11/10 од 2014 година изготвен од "ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЕЛ - Битола, содржи:

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**А. Текстуален дел:**

Вовед
1. Географско одредување на подрачјето на планскиот опфат со граници и површина
2. Историјат на планирање и уредување на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина
3. Природни чинители
4. Создадени вредности
5. Инвентаризација на изградениот градежен фонд и вкупна супраструктура
6. Инвентаризација на постоечки споменички целини и градби од културно-историско значење
7. Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура
8. Инвентаризација на бесправно изградени градби
9. Анализа на степен на реализација на урбанистички план
10. Анализа на можности за просторен развој
11. Извод од план
12. Други податоци за планскиот опфат

**Б. Нумерички дел:**

**В. Графички дел 1:**

1. Извод од Просторен план на РМ
2. Извод од УДНМ за село Трубарево 1 : 2500
3. Ажурирана геодетска подлога 1 : 2500
4. Инвентаризација и снимка на изграден градежен фонд и комунална инфраструктура и супраструктура 1 : 2500

Графички дел 2 (разработка на блок 8):

5. Ажурирана геодетска подлога 1 : 1000
6. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени градби 1 : 1000
7. Инвентаризација и снимка на изграден градежен фонд и комунална инфраструктура и супраструктура 1 : 1000

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**А. Текстуален дел:**

1. Вид на план и плански период
2. Географска местоположба на планскиот опфат
3. Текстуални одредби
4. Планска програма
5. Плански концепт
6. Плански концепт на комуналната инфраструктура
7. Економско образложение
8. Мерки за заштита
9. Услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
10. Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите

**Б. Нумерички дел:**

В. Графички дел 1:
1. Регулационен план и план на намена на земјиштето и градбите 1 : 2500
2. Сообраќаен план и нивелациски план 1 : 2500
3. Инфраструктурен план 1 : 2500
4. Синтезен план 1 : 2500

**Графички дел 2** (разработка на блок 8):

5. Регулационен план и план на површини за градење 1 : 1000
6. Сообраќаен план и нивелациски план 1 : 1000
7. Инфраструктурен план 1 : 1000
8. Синтезен план 1 : 1000

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, направени според Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник на РМ" бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.63/12, 126/12, 19/13 и 95/13).

**Член 4**

Урбанистички план за село Трубарево - плански опфат од 139 ха, со разработка на Блок 8 - плански опфат од 5,82 ха Општина Гази Баба - Скопје, се заверува со печат на Советот на Општина Гази Баба и потпис на Претседателот на Советот на Општина Гази Баба.

**Член 5**

Секторот за урбанизам и градежно земјиште на Општина Гази Баба, во рок од 30 дена од донесувањето на оваа одлука ќе обезбеди комплетна документација за реализирање на Урбанистичкиот план за село.

**Член 6**

Урбанистичкиот план за село со сите негови делови се чува, следи и за негова реализација ќе се грижи секторот за урбанизам и градежно земјиште на Општина Гази Баба.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3656/45**
**од 30.09.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА**
**ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА**

1. Се објавува Одлуката за примање на донација, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3834/44**
**од 03.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 7 став (1), член 10 став (1) алинеја 2 и член 11 став (2) од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08 и 51/11), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и првата седница одржана на ден 30.09.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА**

**Член 1**

Со оваа одлука се прима донација од давателот на донацијата - Град Скопје, со седиште на бул. "Илинден" бр.82, застапувано од Градоначаликот на Град Скопје Коце Трајановски (во понатамошниот текст: давател на донацијата), и Општина Гази Баба застапувана од Градоначалникот на Општина Гази Баба Тони Трајковски (во понатамошниот текст: примател на донацијата), согласно Одлука за давање донација од електрични столбови, бр.07-5812/1 од 26.08.2014 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.10/14) донесена од Советот на Град Скопје.

**Член 2**

Донацијата се состои од 6 (шест) електрични столбови со висина од 8 метри, демонтирани и во исправна состојба.

**Член 3**

За реализација на оваа одлука се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за донација со Градоначалникот на Град Скопје.

**Член 4**

Одлуката да се достави до давателот на донацијата и секторот за финансиски прашања на Општина Гази Баба.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3656/46**
**од 30.09.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО**

1. Се објавува Одлуката за формирање на општински совет за превенција на детско престапништво, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.09.2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3834/45**
**од 03.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 158 став (1) и став (2) од Законот за правда за децата ("Службен весник на РМ" бр.148/13), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и првата седница одржана на ден 30.09.2014 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО

### Член 1

Се формира Совет за превенција на детско престапништво (во понатамошниот текст: општински совет) на подрачјето на Општина Гази Баба.

### Член 2

Општинскиот совет брои 12 члена.

### Член 3

За членови на општинскиот совет се именуваат:

- **ЉУБИНКА ЃЕОРЃИЕВСКА**, судија за малолетници во Основен суд Скопје I Скопје;

- **ВУКЕЉ ВАЉДЕТА**, претставник од Министерство за труд и социјална политика;

- **ЕЛЕНА ИВАНОСКА МИНОСКА**, претставник од јавното обвинителство на РМ;

- **РИСТО ЈОВАНОВСКИ,** претставник од МВР - СВР Скопје;

- **АЛЕКСАНДАР БЛАЖЕВСКИ**, претставник од Црвен крст на РМ-ОО Гази Баба;

- **АНТОАНЕТА ИВАНОВА**, претставник од Асоцијација за едукација "Млади Инфо";

- **МАРИЈА РИСТЕСКА**, претставник од ЈУ "Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје";

- **МАРИЈА КАРАЃОЗОВСКА ИВАНОВСКА**, претставник од Советот на родители во ОУ "Стив Наумов" Општина Гази Баба - Скопје;

- **ЈОРДАНЧО ТОДОСИЕВ**, член на Совет на Општина Гази Баба;

- **ЃУЛСЕФА КУРТЕШИ**, член на Совет на Општина Гази Баба;

- **ВЕСЕЛИНКА СТОЈАНОВИЌ**, член Совет на Општина Гази Баба; и

- **ВАЛЕНТИНА АНДОВСКА МЕРЏАНОВСКА**, општинска администрација.

### Член 4

Мандатот на членовите на општинскиот совет е 5 (пет) години, со право за повторен избор.

**Член 5**

Членовите на општинскиот совет од своите редови избираат претседател, со мандат од 2 (две) години, со право на повторен избор.

**Член 6**

Општинскиот совет изготвува и предлага годишна програма за својата работа, која ја усвојува Советот на Општина Гази Баба.

**Член 7**

Годишната програма за работа на општинскиот совет се финансира врз основа на финансискиот план од Буџетот на општината.

**Член 8**

Општинскиот совет донесува Деловник за својата работа.

**Член 9**

Општинскиот совет врши работи за следење на состојбите, покренува иницијативи за нивно подобрување и развива програми за вклучување на локалната заедница во превенција на детското престапништво и третманот на деца сторители на дејствија, што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци.

**Член 10**

За својата работа, општинскиот совет најмалку еднаш годишно го известува Советот на Општина Гази Баба и Државниот совет за превенција на детско престапништво.

**Член 11**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-3656/47**
**од 30.09.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

# СОДРЖИНА


**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на Годишниот извештај за работа на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2013/2014 година; . . . . 4

**ОДЛУКА** за донесување на Програмата за работа на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2014/2015 година . . . . 6

**ОДЛУКА** за давање согласност за поголем опфат на деца во воспитните групи во објектите на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . 8

**ОДЛУКА** за давање согласност за поголем опфат на деца во воспитните групи во објектите на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . 10

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештајот за работењето на ОУ "Стив Наумов" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2013/2014 година . . . . 12

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештајот за работењето на ОУ "Григор Прличев" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2013/2014 година . . . . 14

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештајот за работењето на ОУ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2013/2014 година . . . . 16

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештајот за работењето на ОУ "Вера Јоциќ" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2013/2014 година . . . . 18

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештајот за работењето на ОУ "Дане Крапчев" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2013/2014 година . . . . 20

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештајот за работењето на ОУ "Кирил и Методиј" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2013/2014 година . . . . 22

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештајот за работењето на ОУ "Крсте Мисирков" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2013/2014 година . . . . 24

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештајот за работењето на ОУ "Крум Тошев" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2013/2014 година . . . . 26

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештајот за работењето на ОУ "Наум Наумовски-Борче" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2013/2014 година . . . . 28

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештајот за работењето на ОУ "Наум Охридски" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2013/2014 година . . . . 30

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештајот за работењето на ОУ "Његош" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2013/2014 година . . . . 32

**ОДЛУКА** за донесување на Програмата за работа на ОУ "Стив Наумов" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2014/2015 година . . . . 34

**ОДЛУКА** за донесување на Програмата за работа на ОУ "Григор Прличев" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2014/2015 година . . . . 36



**"Службен гласник на Општина Гази Баба"**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
бул. Александар Македонски бб - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 20 примероци

## СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за донесување на Програмата за работа на ОУ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2014/2015 година . . . 38

**ОДЛУКА** за донесување на Програмата за работа на ОУ "Вера Јоциќ" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2014/2015 година . . . 40

**ОДЛУКА** за донесување на Програмата за работа на ОУ "Дане Крапчев" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2014/2015 година . . . 42

**ОДЛУКА** за донесување на Програмата за работа на ОУ "Кирил и Методиј" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2014/2015 година . . . 44

**ОДЛУКА** за донесување на Програмата за работа на ОУ ''Крсте Мисирков'' – Општина Гази Баба – Скопје, за учебната 2014/2015 година . . . 46

**ОДЛУКА** за донесување на Програмата за работа на ОУ "Крум Тошев" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2014/2015 година . . . 48

**ОДЛУКА** за донесување на Програмата за работа на ОУ "Наум Наумовски-Борче" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2014/2015 година . . . 50

**ОДЛУКА** за донесување на Програмата за работа на ОУ "Наум Охридски" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2014/2015 година . . . 52

**ОДЛУКА** за донесување на Програмата за работа на ОУ "Његош" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2014/2015 година . . . 54

**ОДЛУКА** за давање позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии на ОУ "Стив Наумов" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2014/2015 година . . . 56

**ОДЛУКА** за давање позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии на ОУ "Григор Прличев" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2014/2015 година . . . 58

**ОДЛУКА** за давање позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии на ОУ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2014/2015 година . . . 60

**ОДЛУКА** за давање позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии на ОУ "Вера Јоциќ" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2014/2015 година . . . 62

**ОДЛУКА** за давање позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии на ОУ "Дане Крапчев" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2014/2015 година . . . 64

**ОДЛУКА** за давање позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии на ОУ "Кирил и Методиј" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2014/2015 година . . . 66

**ОДЛУКА** за давање позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии на ОУ "Крсте Мисирков" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2014/2015 година . . . 68

**ОДЛУКА** за давање позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии на ОУ "Крум Тошев" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2014/2015 година . . . 70

**"Службен гласник на Општина Гази Баба"**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 20 примероци

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за давање позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии на ОУ "Наум Наумовски - Борче" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2014/2015 година . . . 72

**ОДЛУКА** за давање позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии на ОУ "Наум Охридски" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2014/2015 година . . . 74

**ОДЛУКА** за давање позитивно мислење на Програмата за организација и изведување на екскурзии на ОУ "Његош" - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2014/2015 година . . . 76

**ОДЛУКА** за утврдување на услови за начинот на градење, во село Брњарци - Општина Гази Баба, за кое нема урбанистички план . . . 78

**ОДЛУКА** за утврдување на услови за начинот на градење, во село Смилковци - Општина Гази Баба, за кое нема урбанистички план . . . 86

**ОДЛУКА** за утврдување на услови за начинот на градење, во село Страчинци - Општина Гази Баба, за кое нема урбанистички план . . . 94

**ОДЛУКА** за поништување на Одлуката за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 10, Општина Гази Баба - Скопје . . . 102

**ОДЛУКА** за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 10, Општина Гази Баба - Скопје . . . 104

**ОДЛУКА** за донесување на Урбанистички план за село Трубарево - плански опфат од 139 ха , со разработка на Блок 8 - плански опфат од 5,82 ха, Општина Гази Баба - Скопје . . . 107

**ОДЛУКА** за примање на донација . . . 112

**ОДЛУКА** за формирање на општински совет за превенција на детско престапништво . . . 114

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.10/14**
**21 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 20 примероци